И Јас Сум
Здружение за поддршка и развој

До
Министерството за образование и наука
на Република Северна Македонија

Валандово, 28.05.2026 година

ПРЕДМЕТ: Доставување барања по спроведени активности во СОУ „Гоце Делчев“ во Валандово на тема „Млади, образование и ризични однесувања“

Почитувани,

Во периодот од февруари до мај 2026 година, претставници на Здружението за поддршка и развој „И ЈАС СУМ“, кои се дел од редакцијата на медиумот на заедницата Локал Актив, спроведе активности поврзани со зголемување на информираноста и свесноста на младите за негативните последици од повеќе видови игри на среќа, обложување и други форми на привидна брза заработка на пари.

Во почетокот на април 2026 година беше објавена новинарската сторија „Од училиште во „кладилница“ – Младите привлечени од ветувањето за брза заработка“, поткрепена со интервјуа со млади средношколци од СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово, родители на млади лица, жители на Валандово, социолог и психолог од образовните институции, како и со релевантни податоци за состојбата на национално ниво.

Покрај тоа, на 11 мај 2026 година, беше организирана и онлајн дебата на тема „Млади, образование и современи предизвици“, со учество на родители, ученици и претставници од образовните институции, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор од Валандово.

Од истражувањето спроведено за потребите на објавената сторија, како и од сознанијата изнесени на јавната дебата произлегоа неколку предлози и барања за решавање на овој проблем, од кои дел се во надлежност на Министерството за образование и наука:

1. Воведување пилот-програма за ученици

Бараме МОН да ја разгледа можноста за воведување пилот-програма, која би била комбинација од теоретски дел и интерактивни работилници, а би се спровела од стручните служби и/или обучени фасилитатори во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, во учебната 2026/2027 година, со фокус на:

- развој на емоционална писменост и саморегулација;
- справување со стрес и ризични однесувања (вклучително и игри на среќа);
- развој на критичко размислување;

- препознавање на конструктивни и деструктивни модели на однесување и нивна примена во реални ситуации.

2. Воведување пилот-програма за родителска едукација

Бараме МОН да ја разгледа можноста и за воведување пилот-програма за едукација на родители, која би се состоела од работилници и советодавни средби, спроведени од стручните служби и/или обучени фасилитатори, во истото училиште во учебната 2026/2027 година, со фокус на:

- препознавање на ризични однесувања кај младите (вклучително и игри на среќа);
- унапредување на комуникацијата родител–дете;
- справување со современи психосоцијални предизвици.

Се надеваме дека МОН ќе ја разгледа и ќе одговори позитивно на оваа иницијатива, односно дека ќе ќе се создадат можности за соработка меѓу МОН и граѓанските организации за надминување на овој проблем.

Остануваме на располагање за дополнителни информации и координација.

Со почит,

Љубица Стојановска,
Активистка на Здружение за поддршка и развој „И Јас Сум“

Контакт: 072 205 467
ijassum2020@gmail.com
Лице за контакт: Љубица Стојановска